**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 08-1388/1
Датум: 27-08-2025
СКОПЈЕ

Врз основа на член 163 Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018 и Службен весник на РСМ бр. 178/2021 и бр. 58/2024), Одлуката донесена на Наставно-научниот совет бр. 02-1326/19 од 20.8.2025 година и член 59 од Статутот на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (Универзитетски гласник бр. 457/2019), деканот на Факултетот распишува

# ОГЛАС

за избор на демонстратори

За учебната 2025/2026 година се распишува оглас за избор на 4 демонстратори за ***аудиториски и лабораториски вежби*** по предметите од студиските програми што ги сервисираат следните институти:

1. **Институт за КТИ** – 2 демонстратори
2. **Институт за АСИ** – 1 демонстратор
3. **Институт за МиФ - математика** – 1 демонстратор

Кандидатите треба да ги исполнуваат општите услови утврдени со Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018 и Службен весник на РСМ бр. 178/2021 и број 58/2024) и посебните услови утврдени во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018).

Кон пријавата кандидатот треба да достави:

- кратка биографија,
- уверение за завршен прв циклус студии со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум),
- доказ дека е студент на втор или трет циклус студии.

Кандидатите пријавата и прилозите за исполнетоста на условите утврдени со огласот ја поднесува во архивата на ФЕИТ најдоцна во рок од 5 (пет) дена од денот на објавување на огласот.

Декан
Проф. д-р Владимир Атанасовски